Дневник
on-line издание

**22.08.2007**

КОЛУМНА

# Македонија 2025

Како во светот на политиката и државништвото така и во сферата на бизнисот, најголемите и најуспешните лидери се по правило храбри, едноставни и директни луѓе, со јасна визија и стратегија



Се вели дека добрата вест не е вест. Навикнати сме на лоши вести. На обвинувања и пресметки. На скандали, завери и црнила. На информациите за нешто позитивно и вредно, често се гледа скептично и со иронија, во насока на нивно релативизирање.

Но, токму како што не е здраво да се затвораат очите пред проблемите, создавајќи илузии, препорачливо и корисно е да се афирмира она што навистина вреди. Овие редови денес се посветени токму на една ваква позитивна и вредна иницијатива. Беше навистина несекојдневна привилегија и чест да се поразговара со Мајк Зафировски, Џон Битов и со другите членови на Бордот на директорите на организацијата „Македонија 2025". Како во светот на политиката и државништвото така и во сферата на бизнисот, најголемите и најуспешните лидери се по правило храбри, едноставни и директни луѓе, со јасна визија и стратегија. Луѓе што стојат цврсто на земја, кои знаат да водат и да инспирираат. Луѓе што не чекаат времето самото по себе да ги реши проблемите, туку сами, проактивно и со сопствени сили, ја земе својата судбина во свои раце.

Мајк Зафировски е еден од најуспешните менаџери во Северна Америка, познат по својата неисцрпна енергија, јасен фокус и висока работна етика. Тој е претседател и извршен директор на корпорацијата НОРТЕЛ Нетворкс и член на Бордот на директори на Боинг, со триесетгодишно импресивно менаџерско искуство во големите Џенерал електрик и Моторола, каде што бележи исклучителни резултати. Неговиот животен пат, од родното Скопје до врвот на глобалниот корпоративен свет, заслужува почит и големо признание. Со него, како и со другите успешни членови на организацијата „Македонија 2025" треба да се гордееме.

Она што исто така остава посебно позитивен впечаток е благородната цел на оваа непрофитна, независна и непартиска организација - да и' се помогне на Република Македонија, земјата од која потекнуваат. Без личен, политички или бизнис-интерес. Впрочем, образложувајќи ги мотивите за нивниот ангажман на неодамнешниот прием во Струга, членовите на Бордот емотивно ја истакнаа својата љубов кон Македонија.

Суштината на нивната мисија е поттикнување на одржлив економски развој преку идентификување, развивање и промовирање на неколку клучни индустрии во Македонија, како што се информатичката технологија, туризмот и лесната индустрија. Истовремено, нивното знаење, вештини и контакти ги ставаат на располагање на деловните луѓе и претприемачите во земјава, како клучни фактори на економскиот развој.

Со цел да помогнат од Македонија да се направи економски силна и просперитетна држава во наредните дваесетина години, иницијаторите ќе развиваат конзистентни краткорочни, среднорочни и долгорочни стратегии базирани на компаративните предности и ресурси на земјата. Тие ќе поддржуваат програми и активности насочени кон јакнење на претприемачкиот натпреварувачки дух, лидерството и иновативноста.

Иако во извесна смисла активностите на организацијата „Македонија 2025" што туку почнуваат, нема никаков сомнеж дека Република Македонија ќе има значајна корист од оваа благородна иницијатива. Мотото на организацијата - градење посилна нација - доволно говори за ова.

**Никола Димитров**